# ВТОР УПИСЕН РОК ВО УЧЕБНАТА 2026/2027 ГОДИНА

## На УКИМ Факултет за драмски уметности - Скопје , во ВТОРИОТ уписен рок во учебната 2026/2027 година ќе се запишуваат студенти на студиските програми за :

1. **ТЕАТАРСКА РЕЖИЈА (8 семестри) - вкупно 2 студенти и тоа : - 2 студенти со школарина, со надоместок од 400 EUR за една учебна година.**

2. **ТЕАТАРСКА И ФИЛМСКА ДРАМАТУРГИЈА (8 семестри) - вкупно 5 студенти и тоа : 2 студенти во државна квота, со надомест 200 EUR за една учебна година и 3 студенти со школарина, со надоместок од 400 EUR за една учебна година.**

## I. Услови и критериуми за запишување

Право на запишување на прв циклус академски студии, на академски студии од областа на уметностите и на прв циклус стручни студии имаат кандидати кои положиле државна, меѓународна матура или државна стручна/уметничка матура.

Во академската 2026/2027 година на прв циклус академски и стручни студии, како и на академски студии од областа на уметностите, право на запишување имаат и кандидати кои се стекнале со диплома за завршено средно образование во траење од четири години во учебната 2019/2020 година, согласно Уредбата со законска сила за примена на Законот за средното образование за време на вонредна состојба.

Право на запишување на прв циклус студии имаат и кандидати со завршено четиригодишно средно образование според прописите кои важеле пред воведувањето на државната матура (пред учебната 2007/2008 година).

На прв циклус студии на факултетите можат да се запишат и кандидати што имаат завршено високо или вишо образование на сродни факултети и виши школи. Овие кандидати се запишуваат надвор од квотата, најмногу до 10% од вкупниот број редовни студенти на соодветниот факултет утврден во Конкурсот.
Рангирањето на кандидатите од претходниот став ќе се врши според успехот од претходно завршеното високо односно вишо образование, освен на студиските програми за кои поради специфичностите е потребна проверка на знаењата и умеењата. Сродноста ја утврдуваат и објавуваат факултетите.
Кандидатите од оваа точка се запишуваат со кофинансирање на студиите, како и кандидатите од глава V од Конкурсот.

**Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на студсиските програми на Универзитетот “ Св. Кирил и Методиј” во Скопје во учебната 2026/2027 година е објавен на www.ukim.edu.mk и на www.fdu.ukim.edu.mk**

## II. Рокови за кандидатите кои се рангираат според успехот од средно образование и според проверка на знаења и умеења во ПРВИОТ уписен рок

| | прв рок |
|---|---|
| Пријавување на кандидатите | 10 .9 и 11.9.2026 |
| Проверка на знаења и умеења | 14.9.2026 |
| Објавување на прелиминарна ранг-листа со трезултати од проверка на занењата и умеењата и успехот од средно образование | 17.9.2026 |
| Објавување решение за прием на кандидатите (конечна ранг-листа) | 21.9.2026 |
| Запишување на кандидатите | 22.9.2026 |

## III. Документи за пријавување и запишување

**Пред пријавувањето** во роковите утврдени со Конкурсот, секој заинтетресиран кандидат **треба да се регистрира на www.upisi.ukim.mk и да ја пополни електронкста пријава од IKNOW – системот.**

**Електронскиот систем за пријавување на кандидати за упис во прва година, достапен на www.upisi.ukim.mk е активиран.**

Бројот којшто кандидатот автоматски го добил од системот за електронското пријавување треба да се внесе и во пријавата што се поднесува при пријавувањето за запишување.

Пријавувањето на кандидатите ( поднесувањето на оригинал документите за конкурирање) се врши во службата за **студентската прашања на Факултетот за драмски уметности во Скопје, на зададените термини за пријавување во период од 9 до 15 часот**.

**При пријавувањето за запишување на факултетите кандидатите ги поднесуваат следниве документи:**

1. потпишани универзитетски пријавен лист и интерен пријавен лист (генерирана од iKnow-системот);
2. оригинални свидетелства од сите класови;
3. документ за положена државна матура (оригинално свидетелство за завршено средно образование);
4. извод од матичната книга на родените; (оригинал)
5. доказ за државјанство на РСМ (уверение или решение) (оригинал);
6. 1 фотографија
7. потврда за уплата на :

- Административната такса во износ од 50,00 денари (Образец ПП 50: Назив на примачот: Трезорска сметка-Скопје; Банка на примачот: НБРСМ; Трансакциска сметка 100-0000000-630-95; Уплатна сметка 840-XXX-03161; Конто 722313 00)
- 1500 денари на жиро-сметката на Факултетот за драмски уметности, за полагање на приемен испит

ЛОГО

НАЛОГ ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

ДАТУМ НА ВАЛУТА

## НАЛОГОДАВАЧ

НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА НАЛОГОДАВАЧОТ

БАНКА НА НАЛОГОДАВАЧОТ

ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА

ДАНОЧЕН БРОЈ или (ЕМБГ)

ПОВИКУВАЊЕ НА БРОЈ -ЗАДОЛЖУВАЊЕ

ЦЕЛ НА ДОЗНАКА

Уплата за полагање приемен испит

ПОТПИС

## ПРИМАЧ

НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА ПРИМАЧОТ

УКиМ - Факултет за драмски уметност

БАНКА НА ПРИМАЧОТ

***НБРСМ***

ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА

100000000063095

ИЗНОС

МКД 1500,00

УПЛАТНА СМЕТКА

СМЕТКА НА КОРИСНИК

1600104324 788 13

ПРИХОДНА ШИФРА И ПРОГРАМА

723013 41

НАЧИН

ДАТУМ НА УПЛАТА

МЕСТО НА УПЛАТА

образец ПП50